Република Македонија
Министерство за образование и наука

До:
Хелсиншки комитет за човекови права на Република Македонија

Министерство за образование и наука

Бр. 08-11864/1
30.10.2017 год

ул. Св.Кирил и Методиј бр 54
1000 Скопје
Република Македонија

Тел. (02) 3117 896
Факс: (02) 3118 414

Веб страна: www.mon.gov.mk

Предмет: Известување

Почитувани,

Во врска со Вашите предлози и препораки за Програма за работа на Владата на Република Македонија за 2018 година, во делот на предлозите од областа образование, од делокугот на надлежностите на Секторот за основно и средно образование Ве известуваме за следното:

Во финална фаза е усвојувањето на новата сеопфатна Стратегија за образование (периододот за кој ќе се однесува истата не е целосно дефиниран)

Образованието на учениците со посебни образовни потреби претставува интегрален дел на образовниот систем, образовните филозофии, стратегии, како и на образовните политики кои се промовираат во Република Македонија.

Согласно Законот за основното образование за учениците со посебни образовни потреби се обезбедуваат соодветни услови за стекнување на основно воспитание и образование во редовните и посебните основни училишта и имаат право и на индивидуална помош за стекнување на основно образование и воспитание.

За учениците со посебни образовни потреби запишани во редовните основни и средни училишта, училиштето формира инклузивен тим составен од педагогот, односно психологот во училиштето, наставникот на ученикот, родителот, односно старателот на ученикот, дефектолог доколку има во училиштето и по потреба може да се вклучи и лекарот на ученикот. Инклузивниот тим за секој ученик со посебни образовни потреби изготвува индивидуален образовен план.

Исто така донесен е нов Правилник за бројот на ученици со посебни образовни потреби во паралелка и начинот и условите за запишување на учениците со посебните образовни потреби во основните училишта („Службен весник на Р.М" бр.136/17). Во самиот Правилник јасно се прецизира бројот на ученици со ПОП во паралелките за деца со ПОП во зависност од посебната потреба, како и бројот на ученици со ПОП во редовните паралелки во основните училишта. Исто така во правилникот предвидно е дека, за детето кое се запишува како ученик со посебни образовни подреби се доставува наод и мислење за оцена на видот и степенот на попреченоста и посебните потреби.

Изготвени се унифицирани формулари за запишување, следење и отпишување на учениците во основните и средните

посебни училишта и истите се доставени до сите основни и средни посебни училишта за нивна понатамошна употреба.

Во однос на финансирањето на училиштата каде учат ученици со посебни образовни потреби Владата на Република Македонија донесе Уредба за методологија за утврдување на критериуми за распределба на блок дотации за основното образование по општини за 2018 година („Службен весник на Република Македонија" бр.133/17) и Уредба за методологија за утврдување на критериуми за распределба на блок дотации за средното образование по општини и Градот Скопје за 2018 година („Службен весник на Република Македонија" бр.127/17). Новина е воведување на критериум „Ученици со посебни потреби во средно образование во општината и Градот Скопје" и "коефициент за ученици со посебни потреби во средно образование". Вредноста на коефициентот е (1), што значи дека при пресметката на блок дотацијата за средно образование за општината/Градот Скопје за 2018 година 1 ученик со посебни потреби ќе се финансира како 2 ученика. Ваков критериум и коефициент се користи за распределба на блок дотации по општини во основното образование уште од 2008 година.

Распределбата на блок дотациите по училишта и планирањето по буџетски ставки е во надлежност на општината/Градот Скопје.

Во однос на вработувањето на асистенти во училиштата, Министерството за образование и наука, Министерството за труд и социјална политика, Агенцијата за вработување на Република Македонија и Програмата за развој на Обединетите нации (УНДП), заедно со локалните заедници и граѓанските организации учествуваат во реализацијата на Програмата Општинско - корисна работа. Таа претставува важен дел од Оперативниот план на активни мерки и програми за вработување, со значителен опфат на невработени ангажирани лица и крајни корисници.

Програмата Општинско - корисна работа е одличен модел за интегрирање на ранливите категории и тешко - вработливите групи на пазарот на трудот, но и за стекнување на работно искуство на ангажираните лица.

Програмата се однесува на обезбедување дополнителна помош на учениците со попреченост во рамките на образованиот процес во основните и средните училишта преку ангажирање на образовни асистенти и лични асистенти кои ќе им помагаат на учениците со попреченост.

Во однос на преземањето мерки за целосна физичка пристапност на училишните објекти при изградба на новите градби, согласно Законот за градење овој услов мора да биде исполнет уште во фазата проектирање, каде што е задолжително да се предвиди пристап на лица со посебни потреби.

Проектите за изградба и реконструкција на училишни објекти, кои во рамките на Програмите за изградба и реконструкција на основни и средни училишта ги обезбедува Министерството за образование и наука, задолжително го исполнуваат овој услов.

Со цел подобрување на условите со кои се соочуваат лицата со посебни потреби при вршење на секојдневните обврски, ВРМ во соработка со МТСП имплементира проект за изградба на пристапни рампи, лифтови и подвижни платформи за лицата со инвалидност во објектите на органите на државната управа, други органи и институции и единиците на локалната самоуправа. Во рамките на овој проект, Министерството за труд и социјална политика е задолжено за прибирање на податоците. Реализацијата на проектот МТСП ја следи преку Акционен план, кој се ажурира согласно извештаите од сите релевантни институции, меѓу кои е и МОН, кое доставува податоци за објектите од своја надлежност (државните училишта).

Минатата учебна година Министерството за образование и наука обезбеди согласности за вработување на 131 дефектолог од кои 74 во основните училишта и 57 во средните училишта, со што беа опфатени сите училишта кои имаа пријавено дека во нивните училишта учат ученици со посебни образовни потреби. Вработувањето на дефектолози во основните и средните училишта ќе се реализира сукцесивно и во наредните учебни години се со цел целосно комплетирање на стручната служба во училиштата за подршка на наставниот кадар за работа со учениците со посебни образовани потреби. Моментално во основното образование има вкупно вработено 172 дефектолози во редовните основни училишта и 148 дефектолози во посебните основни училишта.

Согласно Законот за основното образование и Законот за средното образование предвидено е обезбедување туторство на ученици од основното и средното образование, кое има за цел да ја поттикне социјалната одговорност на студентите и да им овозможи пристап до бесплатни дополнителни часови на учениците од основното и средното образование. Со оваа програма им се овозможува на студентите да развијат вештини за подучување на ученици, а учениците истовремено имаат можност за бесплатно и интерактивно подучување согласно своите индивидуални потреби. Како тутор се смета редовен студент кој доброволно подучува ученици од основното и средното образование и кој воедно ги исполнува критериумите за избор

Со почит,

Со овластување на Министер,
Државен советник
Назиктере Сулејмани

Изготвил: Даниела Граороска
Дана Бишкоска
Одобрил: Елена Ивановска